# ЗАПИСНИК
од 4-та седница на Генералното собрание на ЗЕЛС
Охрид, 12 мај, 2023 г.

**Присутни**:

Тимчо Муцунски (Градоначалник на Општина Аеродром), Тони Коњановски (Градоначалник на Општина Битола), Перо Костадинов (Градоначалник на Општина Валандово), Марко Колев (Градоначалник на Општина Велес), Миле Петков (Градоначалник на Општина Виница), Никола Најдовски (Градоначалник на Општина Демир Хисар), Борчо Коцев (Градоначалник на Општина Зрновци), Максим Димитриевски (Градоначалник на Општина Куманово), Александар Георгиевски (Градоначалник на Општина Илинден), Бошко Цветковски (Градоначалник на Општина Лозово), Драганчо Саботковски (Градоначалник на Општина Могила), Стевче Стевановски (Градоначалник на Општина Новаци), Кирил Пецаков (Градоначалник на Општина Охрид), Алија Јаоски (Градоначалник на Општина Пласница), Борче Јовчески (Градоначалник на Општина Прилеп), Виктор Паунов (Градоначалник на Општина Карбинци), Нухи Незири (Градоначалник на Општина Теарце), Горан Герасимовски (Градоначалник на Општина Центар), Борче Спасовски (Градоначалник на Општина Ранковце), Аријан Ибраим (Градоначалник на Општина Центар Жупа), Трајко Славески (Претседател на Совет на Град Скопје), Зоран Љутков ( Претседател на Совет на Општина Велес), Јовица Илиевски (Градоначалник на Општина Брвеница), Дарко Костовски (Градоначалник на Општина Бутел), Спасе Кочовски (Градоначалник на Општина Вевчани), Бобан Стефковски (Градоначалник на Општина Гази Баба), Агим Зибери (со овластување од Арбен Таравари, градоначалник на Општина Гостивар), Горан Трајковски (Градоначалник на Општина Делчево), Александар Стојкоски (Градоначалник на Општина Ѓорче Петров), Коста Маневски (Градоначалник на Општина Зелениково), Орце Ѓорѓиевски (Градоначалник на Општина Кисела Вода), Златко Ристов (Градоначалник на Општина Конче), Љупчо Папазов (Градоначалник на Општина Кочани), Тодорче Николовски (Градоначалник на Општина Кратово), Сашко Митоски (Градоначалник на Општина Крива Паланка), Медат Куртовски (Градоначалник на Општина Маврово и Ростуше), Жарко Ристески (Градоначалник на Општина Македонски Брод), Ацо Ристов (Градоначалник на Општина Радовиш), Јован Тозиевски (Градоначалник на Општина Ресен), Блерим Беџети (Градоначалник на Општина Сарај), Висар Ганиу (Градоначалник на Општина Чаир), Дејан Владев (Градоначалник на Општина Свети Николе), Александар Нанчев (со овластување од Костадин Костадинов, Градоначалник на Општина Струмица), Бесар Дурмиши (Претседател на Совет на Општина Тетово), Иван Јорданов (Градоначалник на Општина Штип), Сашо Донев (Претседател на Совет на Општина Охрид), Габриела Илиевска (Претседател на Совет на Општина Битола).

**Дискусија**:

На седницата беше констатиран потребниот кворум за работа, односно присутни беа 47 делегати од вкупно 90, со што беше констатирано дека Генералното Собрание може полноправно да одлучува.

Генералното Собрание на својата 4-та седница го усвои следниот:

ДНЕВЕН РЕД

1. Усвојување на Записникот од 3-та седница на Генералното собрание на ЗЕЛС;
2. Обраќање на г. Орце ЃОРЃИЕВСКИ, Претседател на ЗЕЛС;
3. Усвојување на извештајот за работа и финансискиот извештај на ЗЕЛС за 2022 г.;
4. Одлука за кооптирање на членови во Комитетот на совети (орган на ЗЕЛС);
5. Информација за степенот на наплата на членарината во ЗЕЛС и дискусија за утврдување на предлог - мерки за поттикнување на ажурна наплата на истата;
6. Разно:

- Дискусија во однос на состојбите во областа на противпожарната заштита.
- Обраќање на претставник од Министерството за животна средина и просторно планирање во врска со 2 кредитни линии кои ќе ги земе министерството а ќе бидат наменети за општините.

**ПРВА ТОЧКА**: Усвојување на Записникот од 3-та седница на Генералното собрание на ЗЕЛС;

Делегатите го усвоија Записникот од 3-та седница на Генералното собрание на ЗЕЛС едногласно и без забелешки.

**ВТОРА ТОЧКА**: Обраќање на г. Орце ЃОРЃИЕВСКИ, Претседател на ЗЕЛС;

Претседателот на ЗЕЛС, г. Орце Ѓеорѓиевски им се обрати на присутните делегати истакнувајќи го значењето на единството на сите општини кои се здружени во ЗЕЛС, кога Одлуките се носат без политички интереси застапувајќи ставови на политичките партии, што го прави ЗЕЛС посилен. При тоа претседателот Ѓорѓиевски се осврна на тоа што е направено во изминатата година, во рамки на активности на ЗЕЛС и освен активностите поврзани со лобирање и средби со владини претставници, спомна и активности поврзани со тренингот организиран во ЗЕЛС, сите услуги кои се дадени, а се поврзани со електронските услуги и кои се даваат без никаков надомест на општините, како и проекти кои се реализираат во соработка со странски партнери.

**ТРЕТА ТОЧКА**: Усвојување на извештајот за работа и финансискиот извештај на ЗЕЛС за 2022 г.;

Извештајот за работа на ЗЕЛС за 2022 г. и финансискиот извештај на ЗЕЛС за 2022 г. (завршната сметка) се доставени до делегатите на Генералното собрание во прилог на поканата. Извршниот директор на ЗЕЛС, г-ѓа Душица Перишиќ ги образложи обата извештаи, истакнувајќи дека ЗЕЛС работи тековно и стабилно, но дека е забележана огромна стагнација во редовната наплата на членарината на општините кон ЗЕЛС со што на долг рок се загрозува финансиската стабилност.

**ОДЛУКА**: Генералното собрание на ЗЕЛС едногласно донесе Одлука за усвојување на извештајот за работа на ЗЕЛС во 2022 г. и финансискиот извештај на ЗЕЛС за 2022 г. (завршна сметка).

**ЧЕТВРТА ТОЧКА**: Одлука за кооптирање на членови во Комитетот на совети (орган на ЗЕЛС);

На предлог на Управниот одбор, кој врз основа на Статутот на ЗЕЛС на Генералното собрание му предлага мерки за ефикасна работа на органите и телата формирани врз основа на Статутот, на оваа седница на Генералното Собрание е доставен предлог за донесување на Одлука за именување на два нови членови во Комитетот на совети при ЗЕЛС, како негов орган врз основа на Статутот.

Управниот одбор го утврди предлогот по разгледување на информацијата за работат на Комитетот на совети при ЗЕЛС, кој и покрај уредна и навремена покана до членовите на овој орган, избраните членови на истиот не се редовни на седниците, односно одредени членови воопшто не присуствувале на нити една седница на овој орган во овој состав до сега. Со тоа се нарушува тековното функционирање на овој орган, односно со оглед дека е невозможно да се обезбеди потребниот кворум за работа, седниците на Комитетот на совети при ЗЕЛС се одлагаат. Оттука, Управниот одбор констатираше дека е потребно членовите кои се неактивни и не придонесуваат во работата на овој орган, да бидат заменети со други кандидати за кои е доставен предлог до Генералното Собрание.

**ОДЛУКА**: Генералното собрание донесе Одлука за кооптирање на членови во Комитетот на Совети при ЗЕЛС, како орган утврден со Статутот на ЗЕЛС, со која се избираат лицата; г-ѓа Изабела ПАВЛОВСКА, Претседателката на Совет на Општина Крива Паланка и г. Бесар ДУРМИШИ, Претседател на Совет на Општина Тетово за членови во Комитетот на совети, а со оваа Одлука Генералното собрание ги разрешува членовите: г-ѓа Сашка КРСТЕВСКА ПАВЛОВСКА, Претседател на Совет на Општина Старо Нагоричане и г. Илир ЕЛЕЗИ Претседател на Совет на Општина Боговиње од функцијата членови на Комитетот на совети при ЗЕЛС.

**ПЕТТА ТОЧКА**: Информација за степенот на наплата на членарината во ЗЕЛС и дискусија за утврдување на предлог - мерки за поттикнување на ажурна наплата на истата;

Присутните делегати беа запознати со состојбата со наплатата на членарината кон ЗЕЛС како доминантен извор на приходи за тековно и нормално функционирање на заедницата. Констатирано е дека наплатата на членарината има надолен тренд започнувајќи од 2009 г. кога наплатата била во висина од 99%, додека за оваа тековна година наплатата не достигнува ни 50%. Управниот одбор има донесено Одлука за ограничување на користење на дел од услугите кои ЗЕЛС без надомест ги испорачува на општините, па дури предвидува и форма на исплатата на долгот по основ на неплатена членарина на рати преку склучување на спогодба за истата намена. Речиси сите општини кои имаат долг, освен незначителен број, веќе имаат склучено спогодби со ЗЕЛС. Но, и покрај склучените спогодби, забележано е дека по склучувањето на спогодбата општината ќе плати неколку месечни ануитети, па потоа престанува да ги плаќа утврдените рати.

На присутните делегати им беше презентирана состојбата – преглед на општини кои имаат долг кон ЗЕЛС по основ на неплатена членарина, со апел во најкраток можен рок да преземат мерки за исплата на истиот или исплата на заостанатите ануитети од склучената спогодба за плаќање на долгот на рати.

Дел од присутните делегати го истакнаа значењето на ЗЕЛС кој не само што е застапник на интересите на локалната самоуправа, туку со своите капацитети обезбедува и бројни електронски услуги, а сите тие ги овозможува бесплатно, заради што е неразбирлив ваквиот однос на општината кон оваа своја организација. Беше предложено, Генералното собрание да го овласти Управниот одбор да изготви мерки со кои ќе се поттикне ажурноста во плаќањето на членарината, а мерките да предвидуваат дури и ограничување на користење на електронските услуги кон општината до подмирување на долгот.

ЗАКЛУЧОК: Генералното собрание на ЗЕЛС го задолжува Управниот одбор да утврди мерки со кои ќе ја поттикне редовната наплата на членарината кон ЗЕЛС.

**ТОЧКА - РАЗНО**:

1. **Дискусија во однос на состојбите во областа на противпожарната заштита.**

Управниот одбор на ЗЕЛС на својата седница одржана на 4 април, 2023 г. во Валандово, го разгледа прашањето поврзано со состојбите во областа на противпожарната заштита која преку територијалните противпожарни едници е во надлежност на единиците на локалната самоуправа. Со оглед на сложеноста на состојбите во која се наоѓаат противпожарните единици, беше формирана ад-хок работна група составена од 5 градоначалници која требаше да ги прибере релевантните податоци од сите општини, истите да ги анализира и да утврди предлог - заклучоци.

Претставникот на оваа ад-хок работна група, г. Максим Димитриевски ги информираше присутните делегати за заклучоците до кои дојде работната група, која ги анализирала податоците од сите општини во кои е основана противпожарна единица, освен Градот Скопје, кој до почетокот на седницата на Генералното собрание не достави податоци. Беше истакнато дека постои огромна дискрепанца во финансирањето на оваа надлежност, која преку наменска дотација од буџетот на Републиката се пренесува на општините каде се основани територијалните противпожарни единици. Од направената анализа се заклучува дека во финансирањето на оваа надлежност Републиката учествува со речиси 4,5 милиони евра на годишно ниво (приближна вредност) додека остатокот на потребните средства за тековно непречено функционирање на противпожарните единици се обезбедува од општините во Републиката кои учествуваат со средства во висина од 4,1 милион евра (приближно). При тоа, забележана е голема дискрепанца во учеството на годишните расходи по овој основ во различни општини, односно, забележано е дека во одредени општини финансирањето на оваа надлежност од буџетот на определени општини достигнува до речиси 70% од вкупните годишни расходи за конкретната општина (само 30% се надоместени преку наменската дотација), додека во одредени општини воопшто тој процент е значително поголем. Второто ургентно прашање кое е констатирано со анализата е дека опремата и возилата се застарени, крајно дотраени, па општините се снаоѓаат со обезбедување на донации кои се во најголем случај повторно со половни возила од други држави. Опремата која согласно Закон се набавува со буџетски средства преку надлежните органи (пр. Дирекција за заштита и спасување) е несоодветна и без обезбедена претходна анализа на спецификите на подрачјето кое го покрива определена противпожарна единица. Па така, забележан е случај каде во една општина се доделени три нови возила кои воопшто не одговараат на конфигурацијата на теренот. Следно прашање кое исто така има приоритетен карактер е прашањето за надомест на трошоците за извршени интервенции на подрачјето на соседните општини на општината каде е воспоставена противпожарната единица, а трошоци кои никој не ги надоместува, ниту постои методологија за утврдување на висината на овие трошоци која би била воедначена за сите противпожарни единици. Општините исто така интервенираат и на отворен простор како шуми, пасишта итн. а согласно прописите и субјектите кои управуваат со истите би требало да имаат воспоставено противпожарни служби или, доколку немаат, да учествуваат во надомест на расходите кои настануваат по овој основ. За се ова на крај надомест на расходите врши општината од сопствениот буџет.

Системот на противпожарна заштита е составен дел од системот на заштита и спасување кој се воедначува со нормите и стандардите утврдени во земјите членки на НАТО алијансата, па од своја страна е недопуштено оваа клучна надлежност да биде оставена на капацитетот, финансиската моќ и расположливите средства на секоја општина поединечно (некоја финансиски постабилна од друга), а станува збор за јавен интерес и надлежност од приоритетно значење. ЗЕЛС е во тек, и активно учествува во изработката на предлог - текстот на Законот за изменување и дополнување на Законот за пожарникарството, но Републиката мора да води сметка за оваа надлежност по функција.

Ад – хок комисијата му предложи на Генералното собрание на ЗЕЛС неколку мерки, од кои првата е ова наше обраќање до Владата и Министерството за одбрана заради запознавање со состојбите во оваа област, а следен чекор кој ЗЕЛС ќе го преземе да биде запознавање на јавноста преку тематска конференција за средствата за јавно информирање. ЗЕЛС треба да побара, во духот на соработката, Владата да ја земе во предвид анализата на ЗЕЛС и да најде начин за редовно финансирање на оваа пренесена надлежност на општините, па за тоа да изврши и ребаланс на буџетот. Како крајна мерка, ад – хок работната група предлага да се организира и мирен протест пред Владата на која ќе бидат присутни претставници на ЗЕЛС и противпожарните единици за да се укаже на таков начин дека овие прашања не смее да се одлагаат.

ЗАКЛУЧОК: Генералното собрание ги усвои заклучоците на ад-хок работната група за анализа на состојбите во областа на противпожарната заштита.

2. **Обраќање на претставник од Министерството за животна средина и просторно планирање во врска со кредити кои се наменети за општините**

На делегатите на Генералното собрание им се обрати г-ѓа Тања Пауновска, претставник на Министерството за животна средина и просторно планирање, како форма на продолжение на соработката помеѓу ЗЕЛС и овој орган и по одржаната средба на претседателот со Министерот г-ѓа Каја ШУКОВА во ЗЕЛС. Таа ги информираше присутните за постоење на две кредитни линии, кои се веќе одобрени, а наменети се за општините.
Првата кредитна линија од 50 милиони евра, ќе се користи за реализирање на водоводни и канализациони системи, односно за нивна градба и реконструкција.
Втората кредитна линија, која изнесува 55 милиони евра, од кои 27.5 милиони се грант, а остатокот е кредит, ќе бидат искористени за изградба на депонии во неколку региони во земјава.
При дискусијата, градоначалниците излегоа со идеја да не се формираат проектни единици за реализација на овие два исклучително важни проекти, туку да се искористат капацитетите на општинската администрација. Овој предлог е со цел побрзо да се реализираат проектите, а да не се случи тоа што се случи со кредитот кој се управува преку министерството за транспорт и врски, каде со години не може да се заврши и реализира она што е започнато. Проблемот при реализација на овој проект е немање на капацитет на проектната единица.
ЗЕЛС посочи и дека министерството би требало да ги контактира и при воспоставување на критериуми за избор на проекти.

ОТВОРЕНА ДИСКУСИЈА:

На присутните делегати им се обрати градоначалникот на општина Кочани, г. Љупчо ПАПАЗОВ, кој побара ЗЕЛС да се обрати до Јавното претпријатие за државни патишта во однос на итна исплата на средствата од програмата за реконструкција и санација на патиштата. Методологијата е променета, во изминатиот период износот на средства бил поголем, а согласно важечката методологија ЈПДП се уште ги нема исплатено средствата. Оттука, од ЗЕЛС беше побарано да се обрати од ова претпријатие со вакво барање кое би се однесувало на сите општини.

**Охрид, 12 мај, 2023 г.**

**Заедница на единиците**
**на локалната самоуправа - ЗЕЛС,**
**Претседател,**
**Орце ЃОРЃИЕВСКИ**